# УПОТРЕБАТА НА ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИКА ВО СИГУРНОСНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА САД И РУСИЈА НА БАЛКАНОТ И ПОМЕСТУВАЊЕ НА СИГУРНОСТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

доц. д-р Оливер АНДОНОВ,
Факултет за безбедност, криминологија и финансиска контрола,
МИТ Универзитет-Скопје

доц. д-р Горан ВАСИЛЕВСКИ,
Министерство за одбрана на Република Македонија

**Assoc. Prof. Oliver ANDONOV, PhD**
Faculty of Security, Criminology and financial control
MIT University in Skopje

**Assoc. Prof. Goran VASILEVSKI, PhD**
Ministry of Defence of the Republic of Macedonia

***Абстракт:*** Употребата на енергетските ресурси и економските инструменти, како и воените ефективи и политичката моќ во меѓународната политика претставува карактеристика на големите сили кон државите и регионите каде што имаат свои интереси. Овие интереси на САД и Русија кон Балканот се уште повеќе изразени во однос на употребата на инструментите за влијание, пред се како резултат на фактот дека Балканот е регион кој е силно значаен и интересен и за двете држави.

Основното прашање или дилема која се поставува при истражувањето на прагматичната употреба на инструментите од страна на двете држави, а особено реалниот обем и интензитет за нивна употреба е всушност резултатот од истите. Имено, дали употребените ресурси даваат поддршка и резултат во креирањето и спроведувањето на прагматичните политики или напротив истите залудно се употребуваат.

Во рамките на овој труд на примерот на Република Македонија и како став на граѓаните на Македонија ќе се обидеме да направиме социјална конструкција на политичката прагма односно исплатливоста на употребените инструменти и ресурси во создавањето на јавното мислење и приближувањето на политиките кон граѓаните на Македонија.

Оваа дилема пред се има свое влијание во актуелниот политичко-безбедносен миг кога Македонија и Балканот се наоѓаат во повеќеслојни кризни состојби и загрозеност на сигурноста во континуитет. Притоа, во целата своја негативност се согледува неснаоѓањето на Европската унија во однос на сигурносните влијанија на Европскиот сигурносен простор. Одговорот на дилемата би птребало да претставува мултидисциплинарен приод на повеќе општествени аспекти и комбинација на теориските модели на надворешната политика на САД и Русија, нивните реални пристапи на Балканот, особено во Република Македонија и перцепцијата на граѓаните

како резултат на правилното или неправилното употребување на инструментите. Пред се, значајно е да напоменеме дека создадената перцепција за реалната позитивна поддршка преку употребата на инструментите претставува основ за креирање на јавното мислење за нивото на пријателство кон регионот или Македонија, а во исто време и за инфантилниот однос на европската сигурносна политика која исклучително следи нечија сратешка политика, притоа не водејќи сметка за сопствените интереси. Во исто време претставува и архетип за прифаќањето на традиционалните вреднсоти во регионот или обид за вметнување на нови кои се во спротивност со перцепцијата за општествените норми и однесувања на Балканот и Република Македонија.

Согледувајќи ја европската сигурносна политика во овој контекст, препознаваме блед обид за влијание врз актуелните сигурносни ризици и закани во кои Европската унија тешко се снаоѓа. Во овој контекст примарната и доминантна улога во однос на сигурноста на Балканот ја преземаат САД и Русија судирајќи се во регионот и употребувајќи ги своите инструменти за влијание.

***Клучни зборови:*** САД, Русија,Европска унија, меѓународни односи, инструменти за влијание, сигурност.

***Summary:*** The use of energy resources and economic instruments as well as military effectives and political power in international politics is characteristic of the great powers to the countries and regions where they have interests. The interests of the US and Russia to the Balkans are even more pronounced in the use of instruments of influence, primarily as a result of the fact that the Balkans is a region that is very important and interesting for both countries.

The main issue or dilemma arises when examining the pragmatic use of instruments by both countries, and especially the real scope and intensity of their use is in fact the result thereof. Namely, whether the resources deployed give support and result in the creation and implementation of pragmatic policies or whether they are used in vain.

In this work, using the example of the Republic of Macedonia and the attitude of the citizens of Macedonia we will try to do a social construct of political pragmatism concerning the cost-effectiveness of instruments and resources used in creating public opinion and policy approach towards the citizens of Macedonia.

This dilemma having an impact in the current political and security moment when Macedonia and the Balkans are in crisis and multilayer continuous endangering of security. Moreover, the not making out of the European Union concerning the safety impacts of European security space is perceived in all its negativity. The answer to the dilemma should be a multidisciplinary approach of many social aspects and the combination of theoretical models of the foreign policy of the United States and Russia, their realistic approach to the Balkans, especially in Macedonia and the perception of citizens resulting from a proper or improper use of the instruments. Above all, it is important to note that the created perception of the real positive support by using these instruments is the basis for creating public opinion about the level of friendship to the region or Macedonia, and for the infantile terms of European security policy, which follows exclusively someone’s strategic policy, ignoring their own interests. At the same time, it represents an archetype of accepting traditional values region or attempted insertion of new ones that are contrary to the perception of social norms and behaviors on the Balkans and Macedonia.

Realizing the European security policy in this context, we recognize pale attempt to influence the current security risks and threats, which the European Union hardly manages. In this context, USA and Russia take the primary and dominant role in the security on the Balkans, confronting in the region and using their instruments to influence.

***Keywords:*** USA, Russia, European Union, international relations, instruments for influence, security.

**Вовед**

Употребата на инструментите и механизмите за креирање на геополитиката на Балканот од страна на САД и Русија, претставува вообичаена нивна практика.

Во таа меѓусебна борба за позиционираност на Балканот, употребувајќи ги механизмите и инструментите и двете страни ги користат сите расположливи средства на современата политика.

Настапувајќи од позиција на моќ, САД како суперсила, а Русија како голема сила, секоја со свои интереси во регионот, на прв план влијаат врз креирањето на сигурносната политика и создавањето на услови за диктирање на истата.

Улогата на Европската унија во чии сигурносен простор се наоѓа Балканот, забележливо е се послаба. Во пракса се покажува дека механизмите и инструментите на Унијата се потешко функционираат, особено кога истите се наоѓаат во спротивност со механизмите-политиката која Русија ја презема во пракса. Од друга страна доминацијата на САД е толку воочлива во однос на начинот на употребата на механизмите и инструментите, што Европската унија, особено во овој актуелен период се наоѓа во сенка на улогата на САД. Однесувањето на Унијата кон Балканот е анемично и очигледно дека Унијата нема сили ниту единствена волја за преземање на активности без координација со САД, а како искажување на својата политичка ориентација во улога на глобален актер кон што се стреми.

Целокупните релации и влијанија преку употребата на различните инструменти за остварувањето на долгорочните сигурносни влијанија во регионот даваат слика на хаос и тежок судир на геополитичките интереси со висок интензитет. Овој интензитет е изразен пред се во создадената перцепција кај граѓаните на Република Македонија за улогата на САД, Русија и Европската унија, а што претставува емпириска содржина на овој труд.

Теориските пристапи и досегашната пракса, во комбинација со прагматичнатаб политика која можеме да ја видиме ни укажува на тоа дека состојбата со засилени сигурносни влијанија на големите сили и опаѓањето на практичната улога на Европската унија во иднина ќе предизвика се посилна употреба на различни пристапи и инструменти во регионот.

Единствена жртва во овие геополитички пресметки ќе бидат граѓаните на државите од Балканот.

**Теориско-стратешки пристап на САД и Русија во меѓународниот систем**

Меѓународните односи преку чија политика се обликува светскиот поредок, ги истражуваат односисте на субјектите на меѓународната сцена, како и меѓузависноста и поврзаноста на настаните кои клучно влијаат на вкупните глобални процеси. Со оглед

дека ја определуваат динамиката на вкупните настани во светот,меѓународните односи не може да бидат сведени само на бележење факти (R.Vukadinović; 1998; 19-20) туку пред се на проактивно антиципирање на однесувањето од клучните играчи, кои воедно се главните дизајнери на светскиот поредок.

Тргнувајќи од тој факт, од крајот на Втората светска војна наваму, САД и Русија се во постојан натпревар за доминација во регионите од светот и вселената, како и во сајбер просторот. Оттука станува јасно дека нивната вкупна политка тежнее за воспоставување политичко-економски и воен монопол. Всушност, во 45-годишниот период од средината до крајот на минатиот век, односите САД-Русија (СССР) беа во фокусот на меѓународниот интерес. Пристапот за глобална доминација на овие две, до скоро време, единствени велесили кои имаа посредна контрола врз сите континенти од светот, всушност беше резултат на нивната несомнено одлучувачка улога во победата над силите на Оската. Воедно, и за двете велесили до почетокот на ерата на Глобализацијата, најбитна беше улогата на Европа во САД и Русија, односно, уште повеќе, улогата на САД и Русија во Европа.

Колапсот на Советскиот сојуз почна со прогласувањето независност на Балтичките држави, на 09.11.1989 година. Во октомври наредната година, се случи и соединувањето на Германија и конечно, на почетокот од 1992 година, СССР престана да постои.Во тој период, САД речиси преку ноќ остана единствена политичка суперсила во светот (M. Hofmann; 2006; 3), која настојуваше да ја редефинирадоскорешнатаполитка кон Русија, паралелно со напорите за остварување влијание во земјите од поранешниот советски блок.

За волја на вистината, контурите на новата руска политка кон светот се наѕираа и пред дефинитивниот пад на комунизмот, но до крајот на мандатот на Борис Елцин, првиот претседател на Руската федерација, истите беше тешко да се дефинираатво потполност. Враќањето на постсоветска Русија, како еден од клучните воено-политички фактори на меѓународната политичка сцена беше проследено со драматични, напати и конфузни процеси за ориентација на државата. Во едни такви прилики, Русија беше приморана да одговори на серија фундаментални прашања во однос на поставувањето на нејзините меѓународни релации во периодот по комунистичката ера. Ова беше од исклучителна важност, особено по губењето на доминацијата над европските држави и нивната ориентација кон НАТО и демократска Европа, како и редефинирањето на речиси нулта-политичката толеранција со САД, како рецидив од времето на Студента војна.

Од друга страна, САД еден подолг временски период се најсилниот светски политички центар, со значителна концентрација на моќ во највлијателните свестки организации. Без оглед на перцепцијата од која се гледа, во моментов САДимаат најголемо политичко, економско, воено и културно влијание во светот.Се смета дека ваквата доминација во светскиот поредок, отпочната од мандатот на РоналдРеган, прави САД да имаат хегемонистички пристап во меѓународните односи. Униполарноста, произлезена од доминацијата на САД во односите со другите моќни држави од светот, вклучително и Русија, ја обликува и денешната призма во современиот глобален геополитички поредок.

Зборувајќи во историскиот контекст кој го опфаќа периодот од деведесеттите години на минатиот век досега, може да се констатира дека политичката стратегија и на САД и на Русија е остварување што поголемо влијание на што поголем простор. Друго прашање е изборот на начиниот и методитеза реализација на таа цел. Оттука, доколку се направи објективна споредба на досегашната и актуелната политика на САД и Русија во меѓународниот систем, неизбежен е впечатокот дека Студената војна никогаш вистински не завршила, туку само добила промена на борбената стратегија. Впрочем, ривалството на политичката сцена помеѓу САД и Русија во меѓународни рамки е ненадминато. Дури и денес, актуелните односи на релација САД- Кина, САД-ЕУ, односно Русија-Кина и Русија-ЕУ,како и политичките односи на останатите држави, се во длабока сенка на ривалството меѓу Москва и Вашингтон. Тоа ривалство е евидентно во ООН, преку влијанието врз ММФ и светската берза, до политиката за контролирање на цената на енергенсите и трката во вооружување. Еклатантни примери за таквото ривалство се кризните жаришта во светот, каде речеиси по правило, кога едната страна е поддржана од САД, тогаш другата добива помош од Русија и обратно, без оглед дали станува збор за давање политичка или воена поддршка.Имено, ставовите на Русија и САД за клучните прашања од светската политика се активни, па логично е да ги доведува во спор, кога истите се спротивставени. Ова особено доаѓа до израз со офанзивната политика која САД ја спроведува во Европа, а на која Русија, соочена со рецидивот од минатото, е принудена да одоговори, што за последица го имаше и крвавиот развој на настаните во Украина.

Ваквиот антагонистичка политика на релацијаМосква-Вашингтон, го исфрла на површина „менталитетот на студената војна", кога една од страните ја смета за нужна потребата да се реагира на политиката од политичкиот ривал. Тоа се покажа и во подготвеноста на Русија за примена на воени средства, кога почувствува загрозеност на виталните интереси во непосредното соседство (M. Huterer; 2010, 5).

Спротивно на ова, во надворешнополитичкиот концепт на Русија нагласена е потребата од градење порелаксирани односи со САД, земајќи го предвид големиот потенцијал за билатерална соработка на економски, научен, трговски и културен план, а пред се на полето за одржување на стабилноста во светот (http://www.scrf.gov.ru/). Ваквиот политички курс, наметнат од политичката доктрина на В. Путин, има за ориентација што поголемо приближување на Русија не само до САД, туку и до другите значајни држави од западниот демократски свет. Големо значење за ова приближување, имаа новите состојби во меѓународниоте односи, предизвикани од терористичките напади и глобалната противтерористичка кампања. Сепак треба да се знае дека, во контекст на остварувањето доминација на меѓународната сцена, ваквото партнерство на воено-политичките ривали е со лимитиран карактер. Воените интервенции на САД/НАТО во СР Југославија, Авганистан, Ирак и Либија од една, како и на Русија во Чечениија, Грузија и Украина од друга страна, јасно укажуваат, не толку на слабите страни на стратегиската политика на двете држави, колку на слабоста на меѓународниот систем (првенствено ООН) да превенира конфликти, произлезени исклучиво од интересот на големите сили да ја наметнат својата политичка хегемонија во глобални рамки.

Во последната декада, покрај ЕУ, која ослободена од можноста за воено загрозување од исток се обидува да се ослободи од доминацијата на САД на нејзината територија, интенција за наметнување сопствена политика во меѓународни рамки пројавуваат Кина, Индија и Јапонија. Ваквата интенција има своја реална основа во реалните политички, економски, демографски и пред се воени потенцијали на споменатите земји. Без претензии за предвидување на геополитичките односи во периодот кој следува,слободно може да се каже дека темпото кое го наметнуват трите спомената азиски држави, ќе претставува силен предизивик за промена на вкупните политики како за Русија, така и за САД, што пак не треба да го исклучи и надминувањето на досегашните разлики во начините за редшавање на стратегиските предизвици во современите меѓународни односи (A.Jović Lazić; 2012; 321).

**Сигурносни влијанија на САД, Русија и Европската унија на Балканот**

Доколку се погледнат географските локации на актуелните кризни жаришта, јасно е дека централно место во поглед на безбедносните предизвици на меѓународната сцена се земјите од Блискиот Исток, Источна и Централна Африка и Северна Кореја. Оттука, геостратешките интереси на големите сили се насочени токму кон овие простири (B.Lo;2015; 4), додека примарниот интерес за вкупните процеси на Балканот се повеќе е во единствена одговорност на ЕУ. Имено, со завршувањето на Студентата војна, Балканот, (а особено земјите од поранешна СФРЈ) престана да биде во фокусот на геостратешкиот интерес. Но, како културен субконтинент на Европа и синоним за регион на кој ферментираат сите поголеми безбедносни проблеми кои подоцна ја обременуваат и политиката на стариот континент, Балканот секако дека е, во помал или поголем обем, регион од политички и безбедносен интерес за влијателните протагонисти на меѓународната политичка сцена.

Геополитички, Балканот отсекогаш бил во сферата на интерес заради географската позиционираност да биде на трасата низ која се вкрстуват не само комуникациските траси за транспорт на стоки, туку и просор кој во поново време е интересен заради комбинаториките за разместување на трасите за дистрибуција на енергенси. Дополнително, ориентацијата на државите од регионот за членство во НАТО, го прави регионот интересен и на воено-безбедносен план, за што доволно зборува и разместувањето на ракетниот штит на НАТО на териториите од Бугарија и Романија (https://www.wsws.org/en/articles/2016/05/13/nato-m13.html ). Оттука, не може да стане збор за целосно минимизирање за улогата на Балканот во геостратешките политички комбинаторики. Последен пример за виталната улога на Балканот се последиците од бегалската криза која го зафати европскиот континет. Бегалците, во најголем број од Блискиот Исток, по стасувањето на европско тло, за транзитот ја користеа токму, т.н. „Балканска рута“ за пристигнување до посакуваната дестинација во некоја од земјите членки на ЕУ. Без да се оди во анализа зошто е избрана токму оваа рута за транзит на бегалците, јасно е дека овој процес за кој се уште се нема изнајдено соодветно дефинирано решение, покажува дека влијанието врз ЕУ и натаму се врши преку едно од нејзините најнестабилни подрачја. А интерес за влијание врз ЕУ, како се посамостоен политичко-економски фактор на меѓународната сцена, но и како

политичко-економски сојуз кој ги интегрира државите од нејзиниот континент, имаат подеднакво и САД и Русија.

Во клучните години по паѓањето на Берлинскиот ѕид, примарен интерес на Европа беше процесот на нејзината унификација и интеграцијата на државите од некогашниот Варшавски пакт. Во тој историски период, главниот политичко-безбедносен интерес беше фокусиран кон обединувањето на Германија, мирното раздружување меѓу Чешка и Словачка, остварување влијание кај Балтичките држави и економско-политичка и правна стабилизација на државите од црноморскиот басен (во прв ред се мисли на Бугарија и Романија). Напорите за реализација на ваквата цел беа конципирани и помагани од САД, а се со цел да се оствари влијание врз што е можно поголем дел на териториите од поранешниот СССР. При едни такви услови, политичката игнорација на сосотјбите што ја зафатија тогашната СФРЈ, резултираше со децениски период на етнички и верски судири, инцидентни територијални разграничувања според етничка доминација, како и економски и развоен колапс на државите произлезени од федерацијата. Ваквиот историски контекст отвори можност за наметнување политичко влијание кај државите од СФРЈ. Притоа, ЕУ (до договорот од Мастрихт во 1992 година, Европска Заедница) застана на страната на Словенија и Хрватска додека Русија, врз основа на традиционалното православно пријателство, имаше влијанието кај српските политички лидери, под чија доминација во тој период беше и политичката елита од Црна гора. По наметнувањето на силно влијание врз државите од црноморското крајбрежје, САД, согледувајќи ја етно-политичката поларизација на регионот и гео-демографскиот потенцијал на државите, се определи за партнерство со албанскиот фактор, кој имаше значителна доминација во централно-западниот балкански простор.

Поради историскиот багаж на БиХ, покрај влијанијата од страна на ЕУ, Русија, САД и турција, видливи беа влијаниата од некои арапски земји, кои беа особено карактеристични во сферата на разузнавањето. Ако воопшто може да се зборува за добра страна на процесите кои го зафатија Балканот од 1991 до 2002 година, тогаш сигурно дека можеме да кажеме дека позитивниот капитал се стекна со непрелевањето на конфликтот во држави надвор од границите на распаднатата СФРЈ. Вкупните прилики придонесоа да се оддолжи процесот за стабилизација на Балканот, но дури и кога се прифатија политички наметнатите солуции за престанок на конфликтите во, со војна зафатените региони, мирот се одржува со мониторинг на воени или полициски трупи со мандат од ООН, НАТО или ЕУ, како и со економска и друг вид на помош страна на ЕУ, САД и во помал обем Русија. Во моментов, новите политички ентитети на Балканот, егзистира на меѓународната сцена поделен според строго нагласените етнички, религиски и културни особености. Таквата состојба не само што отвора простор за наметнување влијание од геостратешките ривали на меѓународната сцена, туку генериара можност за дестабилизација според потребите на влијателните политички фактори.

Дивергентниот став на ЕУ за прием на земјите од Балканот, е исто толку критично за стабилноста на регионот колку што е од критична важност политичко-економската асистенција што токму овој сојуз ја овозможува за земјите од регионот (S.Richter;D.Reljić; 2008, 3-4). Мачната транзиција и долготрајното условување за

интеграција на земјите од Балканот во ЕУ (освен онаа на Р.Словенија која истовремено стана чланка и на НАТО и на ЕУ), произлегува од незадоволството на Брисел од слабоста на правната држава, како и лошо релаизираните политички и економски реформи наметнати како услов за прием. Но од друга страна, ставот на Брисел ја ги дестимулира владите на дел од Балканските држави за прифаќање и спроведување на бараните реформи. Ова секако дека не придонесува за конструктивно надминување на постојните проблеми, бидејќи создава услови за засилување на национал-конзервативните чувства кај граѓаните на овие држави и барање можност за партнерство со надворешен партнер како што се САД, Русија или Кина.

Но, поставеноста на ЕУ кон овој регион од проста причина што вкупните случувања на Балканот се интерно европско прашање, па Унијата е обврзана да понуди солуции за решавање на истите. Од друга страна Русија и САД се надворешни фактори за кои на можноста од моделирање на политчко-безбедносните и економски прилики на Балканот, гледаат исклучително како на прилика за наметнување свое влијание на европско тло. Ова е така бидејќи, за разлика од другите континенти каде политичко-безбедносните прилики во една држава не мора да значи и нужно пренесување на последиците во остатокот од регионот, поголем дел од Европскиот континент во одреден обем ги чувствува последиците од настанатите проблеми. Оттука, приклонувањето на дел од државите на Балканот кон некој од екстерните политички фактори, има своја цена како за државата, така, во зависност од обемот, ја чини на политичко-економски или безбедносен план и самата ЕУ. Тоа најмногу се огледа во комбинаториките со реализаијата на гасоводите кои треба да довозможат постабилно и поповолно снабдување на Европа со природен гас. Имено, на енергетиката се гледа како на најповолен начин русија да оствари контратежа на влијанијата што САД /НАТО ги има на евроспко тло. Со оглед дека Русија е најважниот снабдувач со гас и нафта во земјите од Југоисточна Европа, Балканот се смета за еден од важните јазлишта за снабвдување со овие енергенси, а оттука и простор преку кој може да се условува реализацијата на стратешките интереси на ЕУ. Воедно, Балканот има и долга традиција на коруптивни политички раководства, што го проширува просторот за остварување надворешно влијание врз државите од овој регион.

Од друга страна, настојувањата на ЕУ да биде лидер во креирањето на состојбите на Балканот, е условен од приликите кои се одвиваат на југот од регионот. Економската нестабилност на Грција ја чинеше ЕУ исклучителен политички ангажман и одделување значителна сума на пари, што не наиде на одобрување кај сите членки од Унијата. Паралелно со тоа, во светло на актуелната бегалска криза, Балканот останува регион од значителен интерес на САД во контекст на деклариранатга политика за борба против тероризмот, што не секогаш коинцидира со политиката на Унијата. Во светло на ова може да послужи и неодамнешната одлука на Косовските власти да не се продолжи мандатот на ЕУЛЕКС, најглемата и политички најамбициозната мисија на ЕУ за следење на состојбите и давањето асистенција за воспоставување правна контрола во новопрогласената република. Дополнително, САД имаат значително влијание и во надминувањето на спорот меѓу Македонија и Грција, со оглед дека САД ја има признаено признаено Македонија под уставно име, додека ЕУ, ради членството на Грција во Унијата, има обврска да ја именува со кратенката FYROM, со што го

зголемува анимозитетот кај македонската страна. Дополнително, со своето влијание на Косово, САД дејствува во насока да го наметне својот интерес и на интенцијата од Србија за зачленувањето во ЕУ, а паралелно со тоа, успеа да ја интензивира воената соработка со србиија, а во насока на ослабување на руското влијание на тоа поле.

Секако, не треба да се изземе фактото дека во последата декада, интерес за остварување свое влијание на Балканот пројавуваат Кина и Саудиска Арабија, кои користејќи го својот економски и демографски потенцијал, влијаат во промената на религиската, културната, па и политичката слика на Балканот.

Секако, не може а да не се биде пристрасен кон едната од страните кои остваруват влијание на Балканот, од едноставна причина дека и ЕУ и САД и Русија имаат долга историја во креирање на состојбите на овој простор, што вообичаено, доколку е од корист на една, тогаш по правило е на штета на друга страна. Во историски и географски контекст, одговорноста во стабилизирањто на регионот пред се ја има ЕУ, доколку сака во иднина да го избегне влијанието што останатите надворешните политички фактори, преку Балканот, и го наметнуват Унијата. А тоа, со еден збор кажано, ќе се постигне само преку интеграција на земјите од Балканот во ЕУ, врз рамноправни основи

**Перцепција на граѓаните на Република Македонија за сигурносните влијанија на САД, Русија и Европската унија на Балканот и во Република Македонија**

Пред да го презентираме истражувањето и направиме компаративна анализа на теориско-прагматичните пристапи на САД, Русија и Европската унија на Балканот и во Македонија, потребно е да дадеме неколку методолошки објаснувања на самото истражување.

Истражувањето беше спроведено во Република Македонија во периодот од 10-20 Април 2016 година на примерок од 100 испитаници, како пробно истражување. Искуството од истражувањето има за цел да даде некои првични одговори неопходни за анализа на теорискиот пристап во овој труд, но во исто време да укаже на некои методолошки грешки во пристапот за подготовка на едно поголемо истражување кое ќе треба да опфати повеќе нивоа на испитаници од државите на Балканот.

Структурата на испитаниците, е содржана согласно процентуалната распределеност на населението во Република Македонија, а како основни варијабли кои ќе ги употребиме во однос на вкрстувањето со прашањата ќе бидат националната и религиската припадност на испитаниците. Во основа ќе работиме со средна вредност на дистрибуција на одговорите.

За потребите на овој труд ќе прикажеме три прашања и тоа:

1.Дали сметате дека САД и Русија се во состојба на меѓусебен политичко-економски натпревар заради остварување на доминација на Балканот?

Преку оваа прашање сакаме да ја утврдиме перцепцијата на граѓаните во однос на прагматично-политичката цел за доминација врз регионот од страна на САД и Русија и на овој начин ја потврдиме како позитивно перцептивна изјавата на Кери дека Балканот се наоѓа на линијата на огнот помеѓу Русија и САД.

2.Европската унија има јасна безбедносна улога кон Македонија и регионот, а што го покажа во рамките на справувањето со актуелните кризни состојби.

Ова прашање е во рамките на Ликертова скала дадено како тврдење и ќе послужи за определување на улогата на ЕУ на Балканот и во Република Македонија, повторно преку перцепцијата за нејзините позитивни и јасно детерминирани чекори во однос на политичката и безбедносна ролја во ситуација на судир на интересите на САД и Русија.

3.САД силно ја поддржуваат Република Македонија што се гледа од нивното директно финансиско вложување.

И ова прашање е во рамките на Ликертова скала како тврдење и има за цел да направи проверка на препознатливоста кај македонските граѓани за директните финансиски грантови кои САД ги вложуваат на годишно ниво во Македонија за поддршка на „резвојот на демократијата“, односно финансирање на разни проекти за медиумите, невладини организации, заедници и разни општествени групи, а кои во пракса изнесуваат секоја година не помалку од 10 милиони долари. Преку ова прашање очекуваме да добиеме објаснување на перцепцијата на граѓаните која ќе укаже на исправноста од донирањето на овие финансиски средства за вистинските потреби на македонските граѓани и развојот на демократијата како што тоа во едно традиционалистичко општество какво што е Македонија се перцепира.

Во претставувањето на резултатите ќе употребиме и едно контролно прашање, а поради создавањето на компаративна анализа во однос на перцепцијата на граѓаните за улогата на Русија наспроти улогата и активностите на САД и Европската унија.

Прашањето е поставено исто така во рамките на Ликертова скала како тврдење и гласи: „Во последниве две години во споредба со САД, Русија повеќе ја поддржува Република Македонија на секој план, особено економски“.

Дисперзијата на одговорите на ова прашање ќе ни помогнат во создавањето на компаративната анализа за ефектите од прагматичната политика на теренот која ја спроведуваат САД и Русија, а компарирајќи ги со резултатите од второто прашање ќе можеме да ја утврдиме и улогата на Европската унија.

Сметаме дека покрај теорискиот модел кој погоре го изложивме, перцепцијата на граѓаните за геополитичките практични движења во регионот и релациите на САД, Русија и Европската унија кон Балканот и посебно кон Република Македонија ќе придонесат кон отворање на подлабока анализа за примена на инструментите и механизмите во процесот на креирање на прагматичната политика и донесувањето на одлуките.

Овие механизми и инструменти кои ги употребуваат и Русија и САД и Европската унија во основа треба да создадат позитивна перцепција кај граѓаните за практичната политика и делување на секој од овие актери во регионот и Република Македонија. Добивањето на негативна перцепција ќе значи дека овие актери спроведуваат погрешна политика која се перципира како мека сила или пак несвесно или свесно во својата геополитичка игра на погрешен начин пристапувајќи ја ослабуваат својата позиција во регионот.

Првото прашање кое же го разгледаме и ќе ги анализираме дистрибуцијата на добиените одговори е: *„Дали сметате дека САД и Русија се во состојба на меѓусебен политичко-економски натпревар заради остварување на доминација на Балканот?“*

Понудени се три можни одговори и тоа: Да, Не и незнам.

Дистрибуцијата на одговорите според националната припадност на испитаниците може да ја видиме на графиконот број 1.




**Графикон бр.1. Приказ на распределба на одговорите на прашањето Дали сметате дека САД и Русија се во состојба на меѓусебен политичко-економски натпревар заради остварување на доминација на Балканот? според националната припадност на испитаниците**

Анализата на дистрибуцијата на одговорите на ова прашање ну укажува дека воглавно без разлика на националната припадност на испитаниците, најголемиот процент од нив сметаат дека САД и Русија се во меѓусебен политичко-економски натпревар заради остварување на доминација на Балканот. Единствено отстапуваат мислењата на групата испитаници „останати", но тие се однесуваат на фактот дека истите незнаат дали е тоа така.

Интересно е да се согледа уште една дивергенција, а тоа е дека 1/3 од испитаниците Албанци приближно 1/5 од испитаниците Македонци сметаат дека САД и Русија не се во спор за остварување на доминација на Балканот.

Причините за оваа дивергенција очекуваме да ја согледаме при анализата на третото и четвртото прашање во овој труд.

Сега ќе направиме анализа на распределбата на добиените одговори на второто прашање, а кое се однесува на улогата на Европската унија, односно на перцепцијата на граѓаните на Македонија за улогата на Унијата.

Ова прашање е поставено во рамките на Ликертова скала како тврдење и гласи: „Европската унија има јасна безбедносна улога кон Македонија и регионот, а што го покажа во рамките на справувањето со актуелните кризни состојби".

Распределбата на одговорите може да ги видиме на графиконто број 2.




**Графикон бр.2. Приказ на распределба на одговорите на прашањето „Европската унија има јасна безбедносна улога кон Македонија и регионот, а што го покажа во рамките на справувањето со актуелните кризни состојби“ според националната припадност на испитаниците**

Дистрибуцијата на одговорите на оваа прашање кое се однесува на јасната перцепција за политиката на Европската унија на Балканот и кон Република Македонија, укажува на приближно подеднаква поделеност на перцепциите и ставовите на испитаниците Македонци, додека пак позитивната перцепција преовладува кај Албанците, а негативната кај останатите испитаници.

Имено согласни и потполно согласни со тврдењето дека Европската унија има јасна безбедносна улога кон Македонија и регионот се 36,30% од Македонците, додека не се согласуваат или во потполност не се согласуваат 35,40% од Македонците, а 27,30% не се одлучни. За разлика од нив 66.66% од Албанците испитаници се согласуваат или во потполност се согласуваат со тоа дека Европската унија има јасна безбедносна улога кон Македонија и регионот, а само 16,7% не се согласуваат со ова тврдење.

Дистрибуцијата на одговрите ни покажува дека кај Македонците постои потполна поделеност која е изразена во политичкиот став за односот и улогата на Европската унија кон Македонија и регионот, додека кај Албанците овој став е позитивен.

Воедно одговорите добиени на ова прашање ни укажуваат на длабоката поделеност во однос на перцепцијата на улогата на Унијата во македонското општество, а што несомнено се одразува врз прагматичната политика.

Следното прашање кое ќе го анализираме гласи: „САД силно ја поддржуваат Република Македонија што се гледа од нивното директно финансиско вложување“ и е поставено како тврдење во рамките на Ликертова скала, а има за цел да изврши тестирање на перцпцијата на граѓаните на Македонија во однос на практичната политика на САД во Македонија како дел од нивната поддршка.

Дистрибуцијата на одговорите може да ја видиме во гарфиконот број 3.




**Графикон бр.3. Приказ на распределба на одговорите на прашањето „САД силно ја поддржуваат Република Македонија што се гледа од нивното директно финансиско вложување“ според религиската припадност на испитаниците**

Ова прашање дава слика преку која можеме да ги видиме практичните резултати од политиката на САД во Македонија и регионот во последниот период.

Иако како варијабла е употребена религиската припадност на испитаниците, аналогно можеме да заклучиме дека најголемиот дел испитаници Македонци се Православни, како што и кај Муслиманите најголем процент од испитаниците се Албанци.

Првенствено несакавме да пристапиме кон експлицитна презентација на националната перцепција кон улогата на САД во поддржувањето на Македонија.

Сепак во вкупната перцепција за тврдењето дека САД силно ја поддржуваат Република Македонија што може да се види од нивните директни финансиски вложувања во Македонија, очигледно е дека 26,5% од испитаниците се согласуваат или потполно се согласуваат со ова тврдење, 34,4% воопшто не се согласуваат или не се согласуваат, додека 35,9% се неодлучни.

Дистрибуцијата на одговорите дадена во графиконот број 3, како и вкупната дистрибуција на одговорите, ни укажува на потполна поделеност кај населението во Република Македонија во однос на перцепцијата на САД како поддржувач на Македонија. Притоа може да кажеме дека македонските граѓани, особено Македонците и останатите не ја перцепираат финансиската помош која САД ја доделува во облик на грантови во Македонија, а која изнесува околу 10 милијони долари на годишно ниво.

Токму тука се гледа неефикасноста на практичната, теренска политика на САД, која очигледно не допира да сите граѓани подеднакво. За дополнување на оваа констатација неопходно е да се послужиме со помошното прашање кое се однесува на Русија и нејзината улога и како тоа го перцепираат испитаниците.

Во тој контекст може да зборуваме за употребата на механизмите и инструментите за влијание и пред се за нивна целисходна, добро испланирана и општо прифатена употреба, особено во однос на финансиските средства кои се вложуваат воо различни области во општествениот живот во Македонија.

Последното прашање кое ќе го анализираме се однесува на улогата на Русија и гласи: „Во последниве две години во споредба со САД, Русија повеќе ја поддржува Република Македонија на секој план, особено економски“, кое е поставено во рамките на Ликертова скала како тврдење.

Дистрибуцијата на одговорите на ова прашање може да ја видиме повторно преку варијаблата на религиска припадност на испитаниците, а со цел да можеме да направиме соодветна компарација со одговорите добиени во претходното прашање.

На графиконот број 4 може да се види дистрибуцијата на одговорите на ова прашање.




**Графикон бр.4. Приказ на распределба на одговорите на прашањето „Во последниве две години во споредба со САД, Русија повеќе ја поддржува Република Македонија на секој план, особено економски“ според религиската припадност на испитаниците**

Дистрибуцијата на одговорите на ова тврдење дека во последните две години Русија во споредба со САД повеќе ја поддржува Македонија, особено на економски план, ни покажува дека приближно 23% од Православните (воглавно Македонци) се соглсуваат со оваа констатција, додека 42,1% од нив не се согласуваат. Ова ја покажува скептичноста на Православното население во Македонија во однос на пан-православната политика на Русија и всушност укажува на тоа дека Макеоднците не веруваат на дипломатските изјави на Русија за поддршка на Македонија.

Наспроти Православните, Муслиманите испитаници (воглавно Албанци) 66% не се согласни со ова тврдење, што исто така укажува на јасен став, но во исто време имајќи ги одговорите на претходното прашање за поддршката која САД ја даваат на Македонија може да констатираме дека кај оваа попилација во Македонија се работи за јасно изграден став на поддршка на политиките на САД, колку и да се тие нејасни и недоверба кон Русија што во основа се темели не само врз проценката на политичко-економските практични делувања, туку во основа претставува показател на антагонизам на релација Працославие-Ислам.

**Заклучок**

Заклучувајќи го овој труд, пред се во однос на социолошкото истражување и правејќи компарација со теорискиот модел, може да кажеме дека на Балканот и во Република Македонија, постои јасна перцепција за судирот на интереси помеѓу САД и

Русија. Ова се должи пред се на перцепцијата за последните настани особено во Македонија, но и свесноста за значението на овој регион како раскрсница на патишта и продолжеток на Каспискиот и Црноморскиот регион.

Во понатомошниот заклучок на трудот ќе се осврнеме на добиените одоговри во однос на перцепцијата за улогата на СДА и Русија како и влијанијата кои ги согледавме преку употребата на религиската варијабла.

Постои континуирана и силна можност за употреба на религискиот фактор како инструмент при примената на механизмите за влијание врз креирањето на јавното мислење и политиките во Република Македонија и Балканот.

Погрешната перцепција за прагматично делување на САД преку поддршка на Република Македонија даваат поделени ставови на граѓаните, особено кај Православните Македонци. Во основа финансиските гранотви кои се доделуваат за развој на демократијата и кои изнесуваат околу 10 милијони долари на годишно ниво, очигледно одат кај невладини организации или медиуми кои се во најголем дел од албанското малцинство, потоа ЛГБТ заедницата и медиуми кои не се перцепираат како добронамерни во Македонија, односно од мнозинството население.

И покрај конкретната поддршка која САД ја даваат на Македонија, очигледно е дека граѓаните тоа не го препознаваат, а што се должи на употребата на погрешни механизми и инструменти во прагматичната политика. Тие пристапи немаат поддршка од граѓаните на Република Македонија и со тоа се создава амбиент на директна конфронтација.

Во исто време Русија не презема конкретно видливи чекори, освен во однос на неколку формални и провокативни дипломатски изјави за поддршка на Македонија и регионот. Едноставно е забележливо дека Русија не правејќи ништо игра на грешките кои ги прави американската администрација и дипломатија, а што влијае врз креирањето на јавното мислење и поттикнувањето на перцепцијата дека Русија е силен поддржувач на Македонија и регионот.

Компарирајќи ги резултатите од истражувањето може да забележиме дека Русија без поголем напор, особено во последната година успеа да направи позитивна перцепција за себе и својата политика кај приближно 20% граѓаните на Македонија, а во исто време перцепцијата за неподдршка од страна на САД да изнесува 33,4% или кај 1/3 од граѓаните на Македонија.

Иако се работи за пробно истражување на мал примерок, сметаме дека оваа тенденција е очигледна и релевантна, така што нашиот заклучок во однос на употребата на механизмите и инструментите на САД и Русија на Балканот и во Република Македонија е дека постои потреба од сериозно преиспитување на чекорите кои и двете држави ги преземаат, а во однос на остварувањето на своите геополитички цели. Во исто време постои потреба од пристап кон македонските граѓани, особено Македонците заради објаснување на пректичните цели и тоа што тие ќе предизвикаат како последица врз Македонија и регионот. Во основа ова е тешко да се постигне и може да го разгледуваме само на теориска основа и хипотетички.

Улогата на Европската унија е крајно недефинирана, што се гледа и во перцепцијата на граѓанаите кои се поделени во своите ставови. Унијата нема да може во иднина сама да преземе одлучувачки чекори за зачувување на своите позиции и

европската безбедност и ќе биде под влијание пред се на политиката на САД што не секогаш ќе биде добро примено од граѓаните на Македонија.

САД и Русија ќе продолжат со својата политика на продор и утврдените механизми и инструменти за влијание врз креирањето на политиките, вклучително и безбедносната политика во регионот и Македонија. Која од нив ќе биде поуспешна ќе се види на долг рок, во меѓувреме, останува Македонија како мала држава да се обиде да балансира и пред се да зрачи стабилност во регионот.

Сепак, пристапот и на САД и на Русија и на Европската унија која ги застапува политиките на САД ќе биде непроменет кон регионот и Македонија, а од причина што геополитичките интереси на глобалните актери се утврдени и во тој контекст многу тешко се менува начинот на пристап и со тоа и механизмите и инструментите со кои на терен се влијае.

***Използвана литература:***


1. *Митревска М., Гризолд А., Ентони В,Бучковски Б.ч Превенција и менаџирање конфликти: Случај Македонија, Бомат-Графикс, Скопје, 2009*
2. *Brzezinski Z.; Velika šahovska ploča; HUMS i Interland; Varaždin 1999*
3. *Brzezinski Z.; The Geostrategic Triad: Living with China, Europe and Rusia; Center for Strategic and International Studies; Washington, 2001*
4. *R. Vukadinović; Međunarodni politički odnosi; Barbat; Zagreb; 1998*
5. *Hofman M.; US foreign policy towards the Russian Federation: The constrained Empire; GRIN Verlag; 2007*
6. *Chaudet D., Parmentier F.; When Empire Meets Nationalism: Power Politics in the US and Russia; Routlege; 2016*
7. *Bijedić I. Geopolitika na Balkanu; PIS Journal; Ibn Sina; 2015*
8. *Huterer M.; "TheRussiaFactorinTransatlanticRelationsandNewOpportunitiesfor U.S.–EU-RussiaCooperation"(http://streitcouncil.org/uploads/PDF/06_us_eu_russia_huterer.pdf )*
9. *Jović Lazić A.; Odnosu u trouglu SAD-EU-Rusija I njihov uticaj na globalne međunarodne odnose; Medjunarodni problemi; Beograd, 2012*
10. *Richter S., Reljić D.; Credibility and Compliance: The EU Common and Security policy (CFSP) Risks Forfeiting Its Leverage in the Western Balkans; German Institute for international and Security Affairs; 2008*
11. *Концепция внешней политики Российской Федерации; Утверждена Президентом Российской Федерации В.В.Путиным 12 февраля 2013 г;(http://www.scrf.gov.ru/documents/2/25.html)*
12. *Vuletić V.; Rivalski Pristupi u Izučavanju Globalizacije; Aspekti Globalizacije; Beograd; (http://www.bos.rs/materijali/aspekti.pdf )*
13. *Reljić D.; Rusija i Zapadni Balkan; SWP-Studien; Berlin; juli 2009*
14. *Tomić D.; Novi Svetski Poredak, Globalizacija I Region Balkana; Centar za političke krize i socijaldemokratiju Beograd*
15. *www.europa.eu*
16. *www.wsws.org*
17. *www.scrf.gov.ru*
18. *www.un.org*